**МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА НУМЕРИРАЊЕ НА АРТИКЛИТЕ - GS1 МАКЕДОНИЈА**

# ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

## на GS1 Македонија во 2006 година

Јануари 2006 година
Скопје

Прилог 1: **Програма на активности на GS1 Македонија во 2006 година**

*Приложената Програма, согласно член 21 од Статутот на Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, е едногласно усвоена и донесена на Конститутивната седница на Собранието на GS1 Македонија одржана на 16.01.2006 година.*

1. Активности за усогласување на организацијата и работата на GS1 Македонија со правилата и актите на Меѓународната организација GS1, со седиште во Брисел, согласно Одлуките на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија бр. 08-4834/9 и 08-4834/10 од 13.12.2005;

2. Изработка на Програма за работа и финансиски план за 2006 година;

3. Тековна работа со фирми – потенцијални членки на GS1 Македонија, активности за зголемување на членството и наплата на заостанатите членарини;

4. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија преку коморските здруженија, регионалните комори, во печатени и јавни електронски медиуми;

5. Формирање на засебна WEB страна за GS1 Macedonia (www.gs1mk.org), по углед на сите останати национални GS1 организации. GS1 Македонија WEB страницата ќе биде меѓусебно хиперлинкувана со Коморската WEB страна www.mchamber.org.mk;

6. Подготовка, изработка и издавање на низа мали брошури и публикации со основни упатства и поодделни стручни прашања за примена на GS1 системот, и на други промотивни материјали;

7. Подготовка, изработка и издавање на GS1 Македонија ”NEWS LETTER”;

8. Ажурирање/преработка на софтверот за менаџмент на постојната банка на податоци за фирмите-членки на GS1 Македонија, пречистување и усогласување на форматот и содржаните информации во постојната банка на податоци;

9. Изработка на адекватен анкетен формулар за собирање на релевантните податоци за постојните и потенцијалните членки и на формулар со опис на артиклот/производот и доделениот баркод;

10. Проверка и ажурирање на сите контакт и други информации за фирмите-членки и формирање филтрирана база на податоци за GEPIR проектот;

11. Реализација на проектот GEPIR;

12. Развивање на софтвер за каталогизирање и менаџмент на баркодирани артикли и производи, формирање на адекватна WEB банка на податоци, изработка и промоција на каталогот;

13. Промоција на e-business и e-commerce принципите на деловното работење и обука на македонските фирми за прифаќање на истите;

14. Организација на семинари и обуки за:

   - членките на GS1 Македонија (и други заинтересирани фирми) со присуство на домашни и странски експерти за примената на GS1 системот и GS1 стандардите;
   - едукација на македонските компании, особено извозно ориентираните за неопходноста од прифаќањето на GS1 стандардите во нивното деловно работење.
   - извозните компании од прехранбениот сектор за воведување на GS1-128 Bar Code Symbol

15. Обука на вработените во GS1 Македонија:
   - Учество во работата на Меѓународната организација GS1 преку разни форуми, семинари, тренинг курсеви
   - Учество во ментор програмите подржани од GS1
   - Соработка и размена на искуства со други национални GS1 организации

16. Учество на GS1Македонија во работата на Генералното Собрание на GS1;

17. И сите други активности неопходно потребни за континуален развој на GS1 Македонија и имплементација на GS1 стандардите;

<u>Посебна активност:</u>

18. Успешен деловен случај (Succesful Business Case) за Генералното собрание на GS1 во 2006 година.

*Дел од планираните активности ќе бидат завршени во 2006-тата година, додека определени ќе бидат само иницијализирани со цел да се дефинира стратегијата на GS1 Македонија и создадат услови за нејзината долгорочна имплементација.*